**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2827 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16) се доставува

во 10:47

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор:** надзор над изборното медиумско претставување

2. **Субјект на надзорот:** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 25 април до 4 мај 2016 година, Вести во 17 часот и 30 минути

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 мај 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 75-б од Изборниот законик** (известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно обврската од член 76-в став 1 од Изборниот законик, реализираше мониторинг на изборното медиумско претставување на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, што емитува програма на државно ниво. Со надзорот врз Вестите во 17 часот и 30 минути во периодот од 25 април до 4 мај 2016 година **констатирано е дека ТВ Алфа го прекрши член 75-б од Изборниот законик** со тоа што емитуваше низа прилози за редовни активности на државни органи што се во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, како и прилози за изборни мерки на ВМРО ДПМНЕ од сферата на земјоделието, кои се претставуваат како владини.

Во прилозите за тековни активности на органите на власта најчесто учествуваат носители на функции од ВМРО ДМПМНЕ – министрите за здравство и за култура; замениците - министри или дополнителните заменици - министри за: земјоделие, труд и социјална политика и образование; градоначалниците на Скопје, Ѓорче Петров, Ново Село итн. или носители на функции во други органи и институции. Станува збор за следниве прилози:

- (25.04.2016) „Стартува реконструкцијата на улицата „Ѓорче Петров" (со градоначалниците на Општина Ѓорче Петров Сокол Митровски и на Скопје Коце Трајановски;
- (25.04.2016) „Спасов: Со мерката за самовработување со грант отворени над 7800 бизниси" (со Диме Спасов, заменик - министер за труд и социјална работа, и директорот на Агенцијата за вработување Влатко Поповски);
- (25.04.2016) „Поликлиниката Чаир доби 5 апарати за физикална терапија, биохемиски анализатор и ЕХО-кардиограф" (со министерот за здравство Никола Тодоров и д-р Татјана Баевска Вучковиќ, директорка на Здравствен дом Скопје);
- (26.04.2016) „Македонската филхармонија со нов дом следната година" (со министерката за култура Елизабета Канческа - Милевска и со Маја Чанаќевиќ, директорка на Македонската филхармонија);
- (27.04.2016) „Седум нови лаборатории комплетно акредитирани" (со заменик - министерот за образование и наука Спиро Ристовски);
- (27.04.2016) „Самовработување на лица со попреченост" (со Диме Спасов, заменик - министер за труд и социјална политика, и директорот на Агенцијата за вработување Влатко Поповски);
- (27.04.2016) „Нова можност за земјоделците за поголем профит и вработувања" (со портпаролот на Владата Александар Ѓорѓиев);
- (28.04.2016) „Велигден во нов стан - за семејството на 52-годишниот Зоран доаѓаат убави денови" (со Цветко Грозданов, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ).
- (02.05.2016) "Штип има потреба од квалификуван кадар за новите фабрики" (со градоначалникот на Штип Илчо Захариев).
- (04.05.2016) „До септември ќе биде изграден регионалниот пат Мокрино – Смоларе" (со министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски и со градоначалникот на Општина Ново Село Блажо Велков);
- (04.05.2016) „Бесплатно запишување права на сопственост на 29 катастарски општини" (со Славче Трпески, директор на Агенцијата за катастар на недвижности);
- (04.05.2016) „Гасификација на Македонија - за две години цевките ќе стасаат до Прилеп" (со Марјан Ристески, градоначалник на Општина Прилеп);

Освен ова, емитувани се прилози кои се промотивни за изборните мерки на ВМРО ДПМНЕ од земјоделието што се претставуваат како владини на тој начин што се наведуваат периодите во кои Владата ќе ги спроведува или тие се поврзуваат со актуелни владини мерки и се употребуваат синтаксичко-граматички средства за да се даде ефект на конечност и неминовност на нивното исполнување. Во некои случаи актуелни носители на функции на власта ги промовираат проектите:

- (25.04.2016) „Со најновата владина мерка се заокружува циклусот на развивање на сточарството";
- (26.04.2016) „Земјоделски советници: поголеми приноси и повисока заработка";
- (28.04.2016) „Нов мега проект: „Враќање од град во село, за нов почеток." „Државата ќе понуди екстремен пакет на поволности и бенефиции";

- (29.04.2016) „Костадиновски: Со враќањето во селата ќе има и поголеми приходи за земјоделците“ (со заменик - министерот за земјоделство, Ванчо Костадиновски);
- (30.04.2016) „Од град во село, за нов почеток“;
- (01.05.2016) „Мега земјоделски проекти - поддршка на аграрот преку нов сет мерки“ (со заменик - министерот за земјоделство, Ванчо Костадиновски);
- (02.05.2016) „Нови проекти на ВМРО-ДПМНЕ ќе го унапредат македонскиот аграр“;
- (04.05.2016) „Од град во село за нов почеток“ - шанса за запустените краишта на Македонија“.

Согласно член 2 став 1 точка 28 од Изборниот законик: „Изборно медиумско претставување“ е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и др. на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници“.

При операционализирањето на одредбата од член 75-б од Изборниот законик во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси (бр.01-111/1 од 05.01.2016 година), на радиодифузерите им се понудени неколку можни начини да известуваат за редовните активности на органите на власта, а притоа да не го прекршат Законикот, меѓу кои: „Тие можат да одлучат дека ќе известуваат само за „државни работи“, или во прилозите за активностите кои се во функција на предизборието да заземат критички став.“

## 8. Опис на прекршувањето:

Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје го прекрши член 75-б од Изборниот законик со тоа што емитуваше прилози во кои известуваше за активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. Ефектот на известување во функција на изборно медиумско претставување на ВМРО ДПМНЕ дополнително беше зајакнат со емитувањето прилози во кои изборните мерки од сферата на земјоделието на оваа политичка партија беа претставувани како де факто владини мерки.

## 9. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик против Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд, поради прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***